**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**

Врз основа на Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а согласно на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година, се склучува

**ДОГОВОР**

за уредување на меѓусебните права и обврски на студентите запишани во квота со самофинансирање на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година.

**Склучен помеѓу договорните страни:**

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, застапуван од Деканот проф. д-р Боро Јакимовски од една страна, (во понатамошниот текст факултет) и
2. ___________________________________ од ___________, ул. _______________________________________ бр. _____, студент на I (прва) година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (во натамошниот текст: студент).

**Договорните страни се договорија за следното:**

**Член 1**

Факултетот го запишува студентот како редовен студент во квота со самофинансирање за студирање, на прв циклус студии под условите утврдени во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми во учебната 2024/2025 година.

**Член 2**

Надоместокот за студирање во квота со самофинансирање изнесува 600 евра годишно во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплата.

Надоместокот од став 1 на овој член студентот го плаќа во текот на целокупното студирање односно додека студентот ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и правилникот за студирање на Факултетот.

Цената на еден ЕКТС-кредит се определува во зависност од износот на партиципацијата или школарината (државна квота/кофинансирање/ самофинасирање) за еден семестар и се добива кога износот на партиципацијата или школарината ќе се подели со 30 ЕКТС-кредити.

Плаќањето на надоместокот од став 1 од овој член за првата година на се врши на две рати и тоа при запишување на зимскиот и при запишување на летниот семестар.

Студентот плаќа и надоместок за административно-материјални трошоци, лабораттории, осигурување (дополнителни трошоци согласно спецификата на студиските програми) и трошоци за ИКСА и електронски заверки на семстари и електронски пријави на УКИМ, при запишување на секој семестар согласно на утврдениот ценовник на Факултетот. Во текот на студирањето, студентот плаќа и други такси утврдени согласно ценовникот на Факултетот и Универзитетот.

**Член 3**

Студентот е должен редовно да ги исполнува обврските кои произлегуваат од прв циклус студии согласно на Законот, Статутот и други општи акти на Универзитетот, Правилникот на факултетот, Правилата на студирање и одлуките донесени на Деканатска управа и Наставно-научниот совет на факултетот.

Доколку студентот не ги исполни обврските со полагање на предвидените испити утврдени со студиските програми, ги презапишува предметите со соодветен надоместок согласно член 2 од овој договор.

**Член 4**

Договорот е во важност додека студентот ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и правилникот за студирање на Факултетот.

Студентите од прв циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на овој рок студентот не ги заврши студиите, со одлука на единицата на Универзитетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма односно активна студиска програма врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

**Член 5**

Студентот може да го раскине овој договор без можност за враќање на уплатените средства за студирање, со што му престанува статусот студент на Факултетот.

**Член 6**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои 1 (еден) за Факултетот, 1 (еден) за студентот.

Студент:__________________________
(име и презиме)

(потпис): ___________________________

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство:

Декан: проф. д-р Боро Јакимовски
(потпис): ___________________________